**20121714024**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ДОЈЧЕ БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ОБЕЗБЕДЕН СО ГАРАНЦИЈА ЗАСНОВАНА НА ПОЛИТИКИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Дојче банка по Договорот за заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2012 година.

Бр. 07-5352/1
28 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ДОЈЧЕ БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ОБЕЗБЕДЕН СО ГАРАНЦИЈА ЗАСНОВАНА НА ПОЛИТИКИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Дојче банка со заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка во износ од 250.000.000 евра.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем обезбеден со гаранција кој ќе се склучи меѓу Република Македонија, Дојче банка и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Условите и начинот на активирање на гаранцијата од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за гаранција кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија Договорот за гаранција од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплати на две рати од кои првата рата во износ од 95.000.000 евра ќе биде отплатена на денот на достасувањето кој паѓа пет години од денот на повлекувањето на средствата на заемот, додека втората рата во износ од 155.000.000 евра ќе биде отплатена на денот на достасувањето кој паѓа седум години од денот на повлекувањето на средствата.

Каматната стапка ќе се утврди како фиксна каматна стапка два дена пред денот на повлекувањето на средствата од заемот од членот 1 од овој закон, а ќе се пресмета како збир од аритметичката средина од петгодишниот и седумгодишниот своп (за евро валута) плус маргина во износ од 2,75%. Каматниот трошок ќе се отплаќа полугодишно.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот од членот 1 од овој закон, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на дадената гаранција и еднократна провизија во износ од 0,5% годишно од износот на гаранцијата, пресметана по дисконтирана вредност за времетраење на гаранцијата.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот од членот 1 од овој закон, Република Македонија ќе и плати на Дојче банка еднократна провизија во износ од 1,50% од вредноста на заемот.

Член 5

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за финансии.

Член 6

Република Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".